Бесплатен примерок

ОПШТИНА АЕРОДРОМ

| Број 79 | Година XII | ноември - декември 2017 г. | *Весник на Општина Аеродром*

ЗЛАТКО МАРИН
НОВ ГРАДОНАЧАЛНИК НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

СЕКОЈ ГРАЃАНИН Е ВАЖЕН 3

АКТИВНОСТИ ..... 4 - 13

ЕКОЛОГИЈА ..... 14 - 15

ЖИВОТ ..... 16 - 17

ОБРАЗОВАНИЕ ..... 18 - 19

СПОРТ ..... 20 - 21

ЗДРАВЈЕ ..... 22 - 23

СТИЛ ..... 24 - 25

ТЕАТАР 26

ЗАБАВА 27

SИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ ..... 28 - 29

ПИСМА 30

ИНФО 31

ПРИЕМНИ ДЕНОВИ:

- **Одделение за даноци, такси и други приходи и Данок на имот** – секој работен ден од 08:30 до 11:30 часот
- **Одделение за урбанизам** – понеделник и вторник од 09:00 до 11:00 часот
- **Комунално одделение** – понеделник од 15:30 до 16:30 часот, четврток и петок од 08:30 до 09:30 часот

Првиот број на весникот „Аеродром“ излезе во јуни 2006 година
Весникот излегува како двомесечник

Редакција
д-р Маја МАНЧЕВСКА
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА
м-р Александра МИЛЕВСКА-ПЕТРОВСКА
Ивана ЈОВАНОВИЌ-АЦКОВСКА

Уредува
Одделение за односи со јавност и развој и поддршка на интегралниот информациски систем

Лектор
м-р Билјана КОЧОСКА-ТОДОРОВСКА

Дизајн
Европа 92 - Кочани

Фоторепортер
Томислав Атанасовски

Издава
Општина Аеродром

Градоначалник
Златко Марин

Печати
Европа 92 - Кочани

тираж 30.000 примероци

телефон: 2401 516
факс: 2401 546

e-mail: vesnik@aerodrom.gov.mk
www.aerodrom.gov.mk

Адреса:
Јане Сандански 109 Б,
1000 Скопје

СЕКОЈ ГРАЃАНИН Е ВАЖЕН

Почитувани сограѓани,

Можноста да застанам на чело на Општина Аеродром е голема чест но, и огромна обврска и одговорност. Ветив и потврдувам уште еднаш дека во наредните четири години целосно ќе се залагам за подобар живот на сите граѓани подеднакво.

Во Аеродром живеам целиот свој живот. Тука растев, а тука се родени и растат и моите синови. Во нивно име, во името на сите деца, во името на иднината на нашата општина, ќе дадам сè од себе Аеродром да стане подобро место за живеење и работа, како за сегашните, така и за генерациите по нас.

Јас, како градоначалник на Општина Аеродром, ќе се обидам да ги остварам ветувањата што ги дадов пред вас, затоа што довербата е најголемата привилегија што вие ми ја дадовте мене и таа ќе ми биде главниот мотив и водилка во периодот што следува.

Ни претстојат четири години напорна работа и големи предизвици, години во кои ќе има големи промени. Уште од првиот ден се посветивме на реализација на проектите што ги најавивме во предизборието. Ќе го запреме градежниот хаос и ќе преземеме мерки против загадувањето. Ќе понудиме паркинг - решение за сите, а состојбата со комуналниот ред и хигиена ќе ја унапредиме. Локалниот економски развој ќе биде поттикнат со формирање на т.н. економски совет. Грижата за најмладите, но и за возрасните, ќе биде наша обврска, а нудиме и палета од решенија за адекватна социјална заштита.

Во образованието, фокусот ќе го насочиме кон подобрување на квалитетот на образовниот процес, а ќе го реализираме и барањето на жителите за изградба на гимназија. Младите и спортот се мое секојдневие со години наназад, а така ќе остане и во иднина. Ветувам безрезервна поддршка на спортот, а за младите ќе направам сè да останат тука, затоа што Аеродром е нашиот дом.

Како градоначалник останувам отворен и достапен за секој од вас. Секој граѓанин е важен и сечие мислење заслужува да биде слушнато. Општината прераснува во вистински граѓански сервис што ќе работи за граѓаните и со граѓаните!

Со почит,
градоначалник на
Општина Аеродром
Златко Марин

АКТИВНОСТИ

ЖЕНА НА ЧЕЛО НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

СДСМ

Ивана Цветковска

Тони Грнчаров

Гоце Јовчев

Дејанчо Тенев

Силвана Трбогазова

Рената Јајоска

Дарко Аврамовски

Ивана Здравеска

Аида Хоџиќ

Томче Ѓуровски

Билјана Спасовска

Даниел Кралјевски

Крсте Врбоски

Љупчо Недески

Маја Миловановиќ – Михајловиќ

На 3.11.2017 година во просториите на Општина Аеродром се одржа првата конститутивна седница на Советот на Општината. Притоа, беше верифициран мандатот на 27-те членови на Советот на Општина Аеродром, од кои 15 од коалицијата предводена од СДСМ и 12 од коалицијата „За подобра Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ.

На седницата Ивана Цветковска беше избрана за претседател на Советот на Општина Аеродром. Цветковска е прва жена на чело на оваа функција. Таа порача дека ќе се залага Советот да игра конструктивна улога во работата на Општината, со цел да придонесе во подобрување на условите за живот.

ВМРО-ДПМНЕ

Виктор Камилоски

Климен Стоилов

Јасминка Дамческа

Златко Перински

Пане Антовски

Мелина Голубовска

Петар Миовски

Ивица Тасиќ

Весна Маркоска

Стела Димковска

Љубомир Андревски

Оливер Миланов

КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ ЗА НАРЕДНИТЕ 4 ГОДИНИ

- » Изградба на нова општинска зграда
- » Изградба на мултинаменски културен центар
- » Гасификација
- » Улично осветлување во цел Аеродром
- » Паркинг - простор за сите
- » Стоп за сообраќајниот хаос во Општина Аеродром
- » Општина Аеродром уште една индустриска зона
- » Изградба на гимназија „Кузман Јосифовски - Питу“
- » Изградба на нова амбуланта во населбата Лисиче
- » Вработување на што поголем број млади
- » Изградба на затворен зелен пазар
- » Изградба на нов дом за стари лица
- » Изградба на две нови детски градинки во населбите Мичурин и Лисиче (Тодор Чангов)

ЦРКВАТА „СВЕТА ТРОИЦА“ ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ ДОБИ КАПЕЛА

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, на 28.10.2017 година, присуствуваше на свечената литургија по повод осветувањето на новата капела во рамки на црквата „Света Троица“ во Долно Лисиче, која неодамна беше изградена за потребите на жителите од овој дел на општината.

Со свечената литургија чиноначалствуваше поглаварот на Македонската православна црква архиепископот Охридски и Македонски господин господин Стефан. На кратката средба на крајот од литургијата тој на Златко Марин му ја честита новата функција градоначалник на Општина Аеродром.

ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МАРИН НАЈАВИ ЦЕЛОСНА РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ПАТОТ ВО ДОЛНО ЛИСИЧЕ



Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин на 26.10.2017 година се сретна со жителите на Долно Лисиче, кои го блокираа патот Драчево – Јурумлери, незадоволни поради лошата состојба на патот и долготрајната реконструкција на водоводната мрежа на оваа делница.

На средбата градоначалникот ги извести дека уште истиот ден почна санација на прекопите за улицата да стане функционална. Во моментов се изготвува и проект за целосна реконструкција на улицата, со што долгорочно ќе се реши проблемот со несоодветната инфраструктура во Долно Лисиче. Општината во новиот буџет ќе предвиди и други проекти за реконструкција на улици и инфраструктурни инвестиции за жителите од Горно и Долно Лисиче.

НАЈДОБРИТЕ УЧЕНИЦИ ОД ОПШТИНА АЕРОДРОМ ПОСЕТУВАА НАСТАВА ВО ЛОНДОН

Најдобрите ученици од Општина Аеродром во септември беа на еднонеделна посета во Лондон, каде посетуваа настава во училиштето Ернест Бевин, во збратимената Општина Вандсворт.

За време на престојот учениците придружувани од еден одговорен наставник имаа можност да ја посетуваат настава кај своите врсници од Лондон и да се запознаат со нивниот воспитно-образовен систем, односно со нивните наставни програми и со начинот на одржување на наставата. Учениците од Аеродром, покрај наставата во Лондон ги посетија и најзначајните знаменитости на британската престолнина.

Оваа иницијатива е важна за мотивирање на учениците и претставува илустрација на врските меѓу Македонија и Британија, а таа исто така, е уникатна прилика за најдобрите ученици од Аеродром да посетуваат настава во училиштето Ернест Бевин, дотолку повеќе што овој колеџ има долга традиција на негување на спортот, а таму учел и актуелниот градоначалник на Лондон.

НАСКОРО ИЗВОДИ ОД МАТИЧНАТА ЕВИДЕНЦИЈА И ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, на 31.10.2017 година во својот Кабинет го прими директорот на Управата за водење матични книги, Ѓоко Котевски.

На работната средба, меѓу другото, стана збор за можноста да се отвори подрачна канцеларија на Управата за водење матични книги во просториите на Општина Аеродром.

Се планира оваа канцеларија да биде отворена на 22.11.2017 година, од кога жителите на Општина Аеродром ќе имаат можност да поднесуваат барања и да подигаат готови изводи од матичната евиденција во својата Општина. Овој проект е заложба на Општина Аеродром за приближување на институциите на државната управа до граѓаните и нивните потреби.

На лицата со посебни потреби им е неопходна постојана поддршка

ПРОДОЛЖУВА ФИНАНСИСКАТА ПОДДРШКА ЗА „ДАЈТЕ НИ КРИЛЈА“

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, на 2.11.2017 година се сретна со претставници на здружението на граѓани за лица со посебни потреби „Дајте ни крилја“. На средбата присуствуваа заменик-претседателката Јасна Мандиќ и Катерина Ивановиќ, кои го запознаа градоначалникот Марин со својата работа и договорија продолжување на соработката. Општината и понатаму ќе дава финансиска помош и ќе продолжи да му отстапува на здружението простории за користење.

На лицата со посебни потреби им е неопходна постојана поддршка, а се често запоставувани од институциите. Општината ќе работи активно за да овозможи инклузија во образовниот процес и секојдневното живеење.

„Инклузијата на лица со попреченост отсега ќе има важен дел во планирањето на бу̣етот и идните активности во општината. Потребни се конкретни мерки, кои вклучуваат адаптација на постојните образовни институции и овозможување соодветни услови. Планираме блиска соработка со здруженијата и граѓанските иницијативи, кои работат на ова поле“, изјави градоначалникот Златко Марин.

Здружение „Во мојот свет“

ПОМОШ ОД 300.000 ДЕНАРИ ЗА ЛИЦАТА СО АУТИЗАМ

Златко Марин: „Максимална инклузија за секој граѓанин!“

Градоначалникот на Општина Аеродром, Златко Марин, на 7.11.2017 година оствари средба со претставници на Здружението на граѓани за третман на лица со аутизам, АДХД и аспергеров синдром „Во мојот свет“. На средбата претставниците побараа 300.000 денари за вработување две лица во втора смена. Градоначалникот ќе ги одобри овие средства и истакна дека ќе ја продлабочи соработката. Здружението „Во мојот свет“ има потреба и од простории, а Марин се заложи да помогне по ова прашање. Градоначалникот и претставниците дискутираа и за организирање меѓународна конференција за оваа проблематика.

Здружението „Во мојот свет“ веќе соработува со градинките и училиштата од Општина Аеродром во сферата на едукација на кадри. Марин вети дека Општината ќе продолжи да се залага за уште поуспешна соработка и да нуди постојана поддршка.

„Ветувавме целосна поддршка и инклузија на лицата со попреченост и почнавме веднаш со работа во таа насока. Очекувам уште многу заеднички корисни проекти, со цел максимална инклузија за секој граѓанин“, изјави градоначалникот Марин.

На Конференцијата за Европас програмите

АЕРОДРОМЦИ УЧЕА КАКО ЕФЕКТИВНО ДА ГИ ПРЕТСТАВАТ СВОИТЕ ВЕШТИНИ

На 5.10.2017 година во Општина Аеродром голем број аеродромци учествуваа на Конференцијата за Европас програмите, кои претставуваат пет документи што ги прават вештините и квалификациите јасни и лесно разбирливи во Европа.

Целта на оваа конференција за Европас програмите е да им помогне на граѓаните (невработени или веќе вработени) ефективно да ги претстават своите вештини и квалификации кога бараат работа или обука низ Европа, како и да им помогне на институциите надлежни за образование и обука успешно да ја дефинираат и претстават содржината на курикулумот и да дознаат повеќе за поволностите што ги нудат Европас програмите.

Конференцијата ја организираше Општина Аеродром во соработка со Националната агенција за европски образовни програми и мобилност.

ОБУКА ЗА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА ЗА КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ

Во просториите на Општина Аеродром неодамна се одржа обука за невработени лица, со цел тие да стекнат „меки“ вештини, како пишување CV, мотивациско писмо според Европас форматот и подобрување на комуникациските вештини, како и за тоа какви поволности нудат европските мрежи и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Граѓаните што ја посетија обуката имаа можност да дознаат повеќе за комуникациските вештини потребни при вработување.

АКЦИЈА ЗА СОБИРАЊЕ **КАБАСТ ОТПАД**

Во текот на октомври во Општина Аеродром беше реализирана акција за собирање кабаст отпад.

Акцијата се одвиваше во Ново Лисиче, Реонски центар „Аеродром“, населбата Лисиче и Горно Лисиче, како и Мичурин, Стар Аеродром, Острово и Јане Сандански, каде граѓаните кои имаат кабаст отпад можеа да го одложат пред своите домови, од каде што беше собиран со возила на ЈП „Комунална хигиена“.

Под кабаст отпад се подразбира мебел и делови од мебел, бела техника, електрични апарати за домаќинство (шпорети, ладилници, машини за перење алишта и за садови, бојлери и слични предмети), електронски апарати (компјутери, телевизори, музички системи и сл.), но не и градежен шут.

ЕСЕНСКА ДЕРАТИЗАЦИЈА ВО ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Неодамна во Општина Аеродром беше извршена есенска дератизација. На подрачјето на целата општина се опфатија 3.000 шахти, во кои беа поставени околу 9.000 мамци, вклучувајќи ги и основните училишта и детските градинки на нејзината територија.

Дератизацијата на глодачите ја изврши Центарот за јавно здравје, Скопје.

Хуманост за другарчето во ОУ „Димитар Македонски“

УЧЕНИЦИТЕ ГО НАУЧИЈА ЈАЗИКОТ НА ГЛУВОНЕМИТЕ

Неколку ученици од ООУ „Димитар Македонски“ неодамна беа гости на промоцијата на он-лајн играта за деца под име „Зелена игра“ во трговскиот центар „Капитол мол“, кои специјално за овој настан на јазикот на глувонемите ја подготвија детската песна „Направив вистински град“.

Со овој гест учениците не само што ја промовираа играта на оригинален начин, туку ја покажаа и својата хуманост.

Имено, учениците од целото одделение го научија јазикот на глувонемите, со цел непречено да комуницираат со еден свој соученик, кој е глувонем и на тој начин да придонесат за негова полесна инклузија во општеството.

Инаку, играта што беше промовирана е нов концепт за селекција на отпадот, низ игра и забава од мали нозе децата да научат правилно да го селектираат отпадот, со цел заштита на животната средина во која растат и се развиваат. Играта може да се симне на следните линкови: www.nulaotpad.com.mk и www.pakomak.com.mk и да се инсталира на мобилен, таблет или компјутер.

ОПШТИНА АЕРОДРОМ И ОВАА ГОДИНА СЕ ПРИКЛУЧИ КОН КАМПАЊАТА ПРОТИВ РАКОТ НА ДОЈКА „НАПРЕД РОЗОВО“

Се смета дека секоја осма жена е потенцијален пациент со карцином на дојка

Општина Аеродром и оваа година ја поддржа акцијата против ракот на дојка под мотото „Напред розово!“ што траеше во октомври, со цел да се подигне свеста на жените за нивното здравје, особено да се истакне потребата од редовни прегледи на дојките. По тој повод на плоштадот „Македонија“ по деветти пат се одржа симболична розова прошетка во организација на Здружението за борба против рак „Борка – за секој нов ден“ на која присуствуваа повеќе од 1.500 граѓани.

Овие активности се организираат секоја година, бидејќи веднаш зад кардиоваскуларните болести, втора причина за смртност на населението во нашата земја се малигните заболувања, од кои ракот на дојка е болест во пораст и има најголема стапка на смртност

кај жените. Според податоците, минатата година во нашата земја биле откриени околу 1.200 новозаболени или просечно 4 жени дневно, или едноставно кажано, се смета дека секоја осма жена е потенцијален пациент со карцином на дојка. Според истражувачкиот центар за канцер „Глобокан“, Македонија е една од ретките земји во Европа каде што смртноста од канцер се зголемила за околу 9% во последните 15 години, а според бројот на смртни случаи од рак, Македонија е на трето место во Европа.

Поради тоа, со подигнување на свеста на жените за борба против ракот на дојка, се истакнува значајноста на превенцијата и раното откривање на болестите кај женската популација, бидејќи во раниот стадиум ракот на дојка може успешно да се излечи.

УЧЕНИЧКА ОД ОУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“ ДРЖАВЕН ПРВАК ВО КАЈАК

Мила Блажевска, ученичка во ООУ „Лазо Ангеловски“, неодамна на кејот на Вардар учествуваше на Државно пионерско првенство на Македонија во кајак слалом на диви води, на кое по втор пат стана државен првак и освои златен медал.

На првенството учествуваа вкупно 20 натпреварувачи - кајакари од 5 кајакарски клубови, од кои 4 од Велес и 1 Скопје. Согласно правилата на Меѓународната кајакарска федерација имаше 2 возења од кои и на 2-те Мила имаше најдобар резултат. Минатата година беше прва во натпревар во овој спорт и тогаш за прв пат стана Државен пионерски првак во кајак на диви води.

Инаку, Мила е член на КК МДВ Илинден 90 - Скопје, има 12 години и истовремено посетува и балетско училиште и учи во IV одд. во ДМБУЦ „Илија Николовски – Луј“.

ОУ „ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ“ ПОБЕДНИК НА ПРОТИВПОЖАРНИОТ КВИЗ

Екипата на ОУ „Димитар Македноски“ го освои првото место на квиз-натпреварот по противпожарна заштита за учениците од осумте основни училишта што се одржа на 31.10.2017 година во ОУ „Љубен Лапе“ во соработка со Општинскиот противпожарен сојуз „Аеродром“.

Станува збор за традиционален противпожарен квиз-натпревар, кој се одржа по 33-ти пат, а воедно претставува важен дел во развојот и ширењето на општата противпожарна култура меѓу младата популација, како и едукација за заштита од пожари, односно превентивни мерки и постапка во случај на пожар.

Второто место го освои екипата на ОУ „Љубен Лапе“, а третото екипата на ОУ „Лазо Ангеловски“.

Исто така, беа доделени и дипломи за најдобрите ликовни творби во рамки на конкурсот за ликовни и литературни творби со мотиви за заштита од пожари, кои беа изложени во основното училиште „Љубен Лапе“.

УЧЕНИЦИТЕ ОД ОУ „ЉУБЕН ЛАПЕ“ УЧЕСТВУВАА НА МЕЃУНАРОДНА ОЛИМПИЈАДА ПО ПРИРОДНИ НАУКИ

Учениците Јана Матевска од областа биологија и Константин Трипуновски од областа физика, од ООУ „Љубен Лапе“, неодамна учествуваа на натпреварите за избор на македонскиот тим на Меѓународната олимпијада по природни науки на Природно-математичкиот факултет. Константин Трипуновски го освои третото место и ќе биде дел од македонскиот тим за учество на 14-та Меѓународна олимпијада по природни науки.

ЕВРОПСКА НЕДЕЛА НА МОБИЛНОСТ

На 20.9.2017 година во Општина Аеродром дечиња од детските градинки „Буба Мара“ и „Срничка“ возеа велосипеди и тротинети и играа разни детски игри, со што се одбележа Европската недела на мобилност во Општина Аеродром под мотото „Споделувањето те движи напред“.

Целта на Европската недела на мобилност е да се предложуваат и тестираат иновативни сообраќајни решенија, нови технологии или мерки за планирање на урбаниот транспорт, со што ќе се намали употребата на автомобили и ќе се редуцираат емисиите на штетни гасови во воздухот.

СВЕТСКА НЕДЕЛА НА ДЕТЕТО

Дечињата од градинката „Срничка“, клон „Чекорче“, ја одбележаа Светската недела на детето со многубројни активности посветени на детските права. Во рамки на активностите за одбележување на Неделата на децата, дечињата од градинката неодамна делеа пораки на случајните минувачи од општината.

СВЕТСКИ ДЕН НА ХРАНАТА

Дечињата од двете воспитни групи, на возраст од 4 до 5 години, од градинката „Срничка“, објект „Бамби“, на 17.10.2017 година беа во посета на пазарот, кој се наоѓа во непосредна близина на градинката и на тој начин го одбележаа Светскиот ден на храната.

Упатувајќи се кон тезгите со разновидни есенски плодови, дечињата беа интересна глетка за минувачите и случајните купувачи на здрави продукти. Уште веднаш дечињата можеа да забележат дека тука храната е свежа и разнобојна. Децата имаа прилика да видат различни видови сезонско овошје и зеленчук, да ги набљудуваат, именуваат и забележуваат разликите во бојата, големината, мирисот, формата.

Исто така, се потсетија на важноста на хигиената за нивното здравје и потребата овошјето и зеленчукот да се мие пред неговото консумирање. Беше многу интересно кога децата забележаа многу од здравите продукти што ги има на пазарот, дека ги има и во нашата градина.

ПОСТАВЕН СОЛАРЕН СИСТЕМ ВО ГРАДИНКАТА „БАМБИ“

Во објектот „Бамби“ на детската градинка „Срничка“ неодамна беше поставен соларен систем како грант од проектот „Енергијата вреди и затоа треба да се штеди“.

Соларниот систем ќе и овозможи на градинката да заштеди дури 65 проценти енергија.

Соларниот систем е сертифициран од германско сертифицирано тело и има 10 години гаранција. Бидејќи покрај санитарната вода, електрична енергија се троши за работа на машината за садови, е инсталиран и трокатен вентил со што дополнително ќе се заштеди потрошувачката на струја.

Грантот доаѓа како награда за континуираната посветеност на „Срничка“ на заштитата на животната средина. Градинката официјално беше прогласена за еко- градинка со највисокото ниво на наградување, зелено знаме во 2014 година.



МАТЕМАТИЧКА ДЕБАТА ВО ООУ „ЉУБЕН ЛАПЕ“

Основното училиште Љубен Лапе неодамна организираше математичка дебата како дел од Еразмус+ програмата наменета за ученици од 11 до 14-годишна возраст.

Дебатата имаше за цел да го претстави новиот наставен метод, кој се случува долго пред реализацијата на планираниот час и тоа преку користење на е-платформа (www.mathdebate.eu). Имено, наставникот на е-платформата ја објавува темата што ќе се реализира на некој од следните наставни часови заедно со понудени повеќе методи за реализација. Учениците во претходно најавен термин за дебата ги оценуваат методите според нивниот интерес и оставаат свое мислење и коментар, односно одбираат на кој начин сакаат да биде реализиран наставниот час. По дебатата, понудените методи се рангираат според популарност и наставникот добива информација за изборот на неговите ученици.

ТЕРМИНИ ЗА СПОРТ ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА

ООУ „ЉУБЕН ЛАПЕ“

термин	понеделник	вторник	среда	четврток	петок	сабота
11:00 – 12:30						кошарка -МЗТ
17:30-19:30	кошарка – МЗТ	кошарка -МЗТ	кошарка -МЗТ	кошарка -МЗТ	кошарка -МЗТ	
19:00-20:00		карате – КК МАК ВАДО				
19:30-20:30	одбојка -Мастер Волеј	карате - Самурај	одбојка -Мастер Волеј	карате - Самурај		
20:30-21:30	одбојка -Мастер Волеј	одбојка – ОК„Аеродром Волеј“	одбојка -Мастер Волеј	одбојка – ОК„Аеродром Волеј“	карате – КК МАК ВАДО	

ООУ „ЛАЗО АНГЕЛОВСКИ“

термин	понеделник	вторник	среда	четврток	петок	сабота	недела
10:00 – 14:00						кошарка - МЗТ	кошарка - МЗТ
14:00 – 16:00						кошарка – „Баскет ГА – БА“	
17:00 – 18:00						одбојка – Фокс Волеј	
18:00 – 19:00						одбојка – Фокс Волеј	
18:00 – 19:00						аеробик – „ФИТ ОНЕ“	зумба – „ФИТ ОНЕ“
18:30 – 19:30	фолклор – ФА „Вапцаров“		фолклор – ФА „Вапцаров“		кошарка – „Баскет ГА – БА“		
18:30 – 19:30	одбојка – Фокс Волеј	карате – „Самурај“	одбојка – Фокс Волеј	карате – „Самурај“			
19:30 – 20:30	пилатес – „ФИТ ОНЕ“	аеробик – „ФИТ ОНЕ“	зумба – „ФИТ ОНЕ“	пилатес – „ФИТ ОНЕ“			кик-бокс - Гладијатор
19:30 – 20:30	кошарка - МЗТ	кошарка - МЗТ	кошарка - МЗТ	кошарка - МЗТ	кошарка - МЗТ		
20:30 – 21:30	кошарка - МЗТ	кошарка - МЗТ	кошарка - МЗТ	кошарка - МЗТ	кошарка - МЗТ		
21:30 – 22:30		кик-бокс - Гладијатор		кик-бокс - Гладијатор			

ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“

термин	понеделник	вторник	среда	четврток	петок
19:00 – 20:00		карате – КК„Олимпик спорт 2007“		карате – КК„Олимпик спорт 2007“	
20:00 – 21:00	карате – КК„Олимпик спорт 2007“				

ООУ „БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ“

термин	понеделник	вторник	среда	четврток	петок	сабота	недела
16:00 - 17:00		кошарка - МЗТ		кошарка - МЗТ			
18:00 – 19:00	Хит енд ран	јога – Центар за јога и личен развој		јога – Центар за јога и личен развој	Хит енд ран		
19:00 – 20:00	Хит енд ран	јога – Центар за јога и личен развој		јога – Центар за јога и личен развој	Хит енд ран		
20:00 – 21:00	Хит енд ран	јога – Центар за јога и личен развој		јога – Центар за јога и личен развој	Хит енд ран		
00:00 – 24:00	боречки вештини – Бушидо Доџо	боречки вештини – Бушидо Доџо	боречки вештини – Бушидо Доџо	боречки вештини – Бушидо Доџо	боречки вештини – Бушидо Доџо	боречки вештини – Бушидо Доџо	боречки вештини – Бушидо Доџо

ООУ „ЃОРЃИЈА ПУЛЕВСКИ“

термин	понеделник	вторник	среда	четврток	петок	сабота	недела
09:00 – 11:00						Хит енд ран	Хит енд ран
17:30 - 18:30	ракомет – РК „Металург“	ракомет – РК „Металург“	ракомет – РК „Металург“	ракомет – РК „Металург“	ракомет – РК „Металург“		
20:30 -21:30	карате – „Аеродром“	одбојка – „Мастер Волеј“	карате – „Аеродром“	одбојка – „Мастер Волеј“	карате – „Аеродром“		
20:00 – 21:00	боречки вештини и јога – „Јинг и Јанг“	аеробик – Благоја Новковски	боречки вештини и јога – „Јинг и Јанг“	аеробик – Благоја Новковски		аеробик – Благоја Новковски	

ООУ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

термин	понеделник	вторник	среда	четврток	петок	сабота	недела
16:00 -17:00	одбојка – „Аеродром Воле“	одбојка – „Аеродром Воле“	одбојка – „Аеродром Воле“	одбојка – „Аеродром Воле“			
18:00 -19:00		Фолклор – КУД Никола Вапцаров		Фолклор – КУД Никола Вапцаров		аеробик – „Фит Оне“	аеробик – „Фит Оне“
19:00 – 20:00	Ансамбл Скопје		Ансамбл Скопје				аеробик – „Атлета“
20:00 -21:00	аеробик – „Фит Оне“	аеробик – „Фит Оне“	аеробик – „Фит Оне“	аеробик – „Фит Оне“			
21:00 – 22:00		аеробик – „Атлета“		аеробик – „Атлета“			

ООУ „ДИМИТАР МАКЕДОНСКИ“

термин	понеделник	вторник	среда	четврток	петок
17:30 – 19:30	кошарка – МЗТ		кошарка – МЗТ		кошарка – МЗТ
18:00 – 19:00		ракомет – РК Тања Андреева		ракомет – РК Тања Андреева	
18:30 – 19:30	кошарка – МЗТ		кошарка – МЗТ		кошарка – МЗТ
19:00 – 20:00		одбојка – СК Мастер Волеј		одбојка – СК Мастер Волеј	
20:00 – 21:00		одбојка – СК Мастер Волеј		одбојка – СК Мастер Волеј	
19:30 – 20:30	реално аикидо – СК„Вардар“		реално аикидо – СК„Вардар“		реално аикидо – СК„Вардар“

ООУ „АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ“

термин	понеделник	вторник	среда	четврток	петок	сабота
13:00 – 20:00	Штурчиња – здружение за спорт, рекреација и анимација	Штурчиња – здружение за спорт, рекреација и анимација	Штурчиња – здружение за спорт, рекреација и анимација	Штурчиња – здружение за спорт, рекреација и анимација	Штурчиња – здружение за спорт, рекреација и анимација	
18:00 – 19:00	кошарка – МЗТ	ракомет – РК„Аеродром“	кошарка – МЗТ	ракомет – РК„Аеродром“	одбојка – „Фокс Волеј“	џиу-џица – „Д Стронгест“
18:00 – 19:00	игроорна – „Вапцаров“					
19:00 – 20:00	кошарка – МЗТ	одбојка – „Фокс Волеј“	кошарка – МЗТ	одбојка – „Фокс Волеј“	одбојка – „Фокс Волеј“	
19:00 – 20:00	карате – „Самурај“	џиу-џица – „Такеда“	карате – „Самурај“	џиу-џица – „Такеда“	карате – „Самурај“	џиу-џица – „Такеда“
20:00 – 21:00	кошарка – МЗТ	одбојка – „Фокс Волеј“	кошарка – МЗТ	кошарка – МЗТ	кошарка – МЗТ	
21:00 – 22:00	кошарка – МЗТ	кошарка – МЗТ	кошарка – МЗТ	кошарка – МЗТ	кошарка – МЗТ	
20:00 – 21:00	карате – „Самурај“		карате – „Самурај“		карате – „Самурај“	
21:00 – 22:00	џиу-џица – „Д Стронгест“		џиу-џица – „Д Стронгест“			

ЗДРАВЈЕ

Есента е сезона на циметот

ВКУСНИОТ ЗАЧИН НУДИ И ЗДРАВСТВЕНИ ПРИДОБИВКИ

Затворете ги очите и само за секунда помислете на циметот. Речиси и може да го почувствувате неговиот сладок, примамлив вкус... циметот не само што е вкусен зачин што ги прави десертите повкусни, туку е состојка што нуди неколку здравствени придобивки.

Заштитува од рак на дебелото црево

Ракот на дебелото црево е еден од најчестите видови рак во модерното време и годишно илјадници луѓе умираат како последица на оваа подмолна болест. Но, неодамнешните студии покажуваат дека циметот може да помогне и да ја спречи појавата на оваа болест. Научници од САД неодамна откриј дека хемиската состојка позната како цинамалдехид, поради која и самиот цимет го има тој вкус и мирис, ја спречува појавата на рак на дебелото црево кај глувци. Понатамошните истражувања покажаа дека тоа, исто така, делува и кај луѓето, па затоа и денес тој е многу популарен.

Изобилува со антиоксиданти

Антиоксидантите се од големо значење за заштита и спречување на појавата на многу смртоносни болести, кои во денешно

време ги вознемируваат луѓето. Тие нè заштитуваат од слободните радикали што се наоѓаат во нашето тело и може да се апсорбираат со конзумирање храна како што се боровинките, гравот, артичоката, јаболката, сливите и други видови зеленчук. Токму циметот е полн со антиоксиданти! Всушност, тој содржи толку многу антиоксиданти и се смета за една од топ 10 состојки по количината на антиоксиданти. Дополнителни добри вести се тоа што може да го користите циметот во најразлични јадења – десерти, зеленчук, јадења со месо, овошје...

Го контролира нивото на шеќер во крвта

Различни студии покажуваат дека циметот помага да се контролира нивото на шеќер во крвта за оние што имаат проблем со инсулинот. Токму затоа циметот е познат меѓу луѓето со дијабетес. Тој им помага да ги совладаат проблемите со нестабилното ниво на шеќер во крвта. Според некои истражувања, ефектите на циметот врз регулирањето на нивото на шеќер во крвта се толку моќни што можат да се споредат со ефектите на лекарствата, кои се примаат во првите стази на дијабетесот. Но, бидејќи многу цимет може да му наштети на црниот дроб, најдобро е да се консултирате со лекар пред да почнете да консумирате поголеми количини...

Ја подобрува меморијата

Различни студии покажуваат дека циметот ја подобрува концентрацијата, како и меморијата. Поради тоа, многу е важно и корисно да го користат постари лица, кои имаат проблеми со меморијата, или пак,

имаат проблеми кои се поврзани со работата на мозокот. Циметот не е корисен само за постарите лица. Тој, исто така, може да ги подобри интелектуалните способности на децата и возрасните, кои работат, или пак, студираат. Добра идеја е да го вклучите циметот во вашиот појадок, или пак, во вашите ужинки – пробајте да додадете цимет во житарките, јаболката, или пак, на тост.

Ги намалува симптомите на ПМС

Позитивниот ефект на циметот врз симптомите на ПМС се должат на неговото високо количество на манган (приближно 1 – 1,5 мг во една голема лажица цимет). Манганот може да ги намали болката од менструацијата или честите промени на расположението. Циметот, исто така, го подобрува расположението и како таков е многу корисен додаток за вашата есенска исхрана.

Ги штити забите и непцата

Ако некогаш сте обрнале внимание на некоја паста за заби, мастика за џвакање, или пак, средство за плакнење на устата, можеби сте забележале дека содржат цимет или пак масла од цимет. Зошто е тоа така? Бидејќи циметот има анти-бактериски карактеристики, кои помагаат да се уништат штетните бактерии што се собираат во устата. Поради тие карактеристики циметот е познат по тоа што помага да се спречи (или намали) појавата на забен камен и други болести на непцата. Некои луѓе и покрај тоа што користат хигиенски производи што содржат цимет, ги користат и стапчињата од цимет за да ги тријат непцата, забите и јазикот.

СТИЛ

Целото семејство заедно

ЕСЕНТА Е СОВРШЕНА ЗА ЗДРАВ И АКТИВЕН ЖИВОТ



Нема ништо повредно од тоа да ги поминуваме деновите со семејството, правејќи нешто активно. Зошто оваа есен да не ја направиме најдобрата есен до сега? Еве неколку совети за тоа како да се грижиме за здравјето додека поминуваме време со оние кои најмногу ги сакаме...

Да пешачиме со децата!

Големиот број обврски не секогаш ни дозволуваат да ги испраќаме нашите деца до училиште или назад до домот, но да ја зграпчиме можноста и заедно да одиме со нив од училиште до дома кога и да имаме време! Но, не со автомобил. Да пешачиме заедно или да возиме велосипед заедно! Ова ќе овозможи да се помине квалитетно време со децата, а дополнително ќе помогне да се намали стресот и да се потрошат повеќе калории.

Да ги поминуваме викендите заедно!

Долгите прошетки се одличен начин да се поминат неколку опуштени часови со партнерот, при што низ разговор повторно се поврзуваме и го намалуваме стресот од секојдневниот живот. Исто така, е одличен начин да се помине квалитетно време со целото семејство, вклучувајќи ги и децата. Децата, всушност, уживаат своето слободно време да го поминуваат надвор и да откриваат нови нешта, а долгите прошетки ќе им ги овозможат и двете работи. Есента е совршена за долги прошетки. Не е премногу топло, но сепак е доволно за викендите во истражување на природата да бидат пријатни...

Да одиме на пливање!

Секако, топлото лето и релаксирачките денови на плажата се зад нас, но тоа не значи дека не треба веќе да одиме на пливање. Во денешно време затворени базени има на секој чекор и децата сигурно ќе сакаат да пливаат во топлата вода на базените и да бараат место за скокање од каде нема да ги прскаат другите посетители.

Цел ден во паркот!

Посетата на паркот со семејството нуди неограничен број можности – пешачење низ убавата природа, фудбал, одбојка или бадмингтон, фрлање фризби, игри со кучето, брканица... Доколку редовно се прават овие активности, ќе се научат и децата да го ценат времето што го поминуваат надвор, а исто така сигурно ќе се зголемат шансите да водат здрав живот кога ќе пораснат.

Одвреме-навреме да договориме состанок за игри!

Децата сакаат да поминуваат што е можно повеќе време со родителите, но понекогаш сакаат слободното време да го поминат само во друштво со своите другарчиња. Добра идеја за активна есен е да се договори состанок за игри со пријателите и нивните деца, при што децата можат заедно да истражуваат, а возрасните да уживаат во пријатни разговори и прошетка. Забавно и здраво - дали е потребно повеќе за семејството?

Да го вклучиме целото семејство во домашните обврски!

За домашните обврски се смета дека не се забавни, но тоа е така затоа што ние ги правиме здодевни. Кој вели дека готвењето со целото семејство не е забавно? Или средувањето на дворот? Или чистење со правосмукалка во секоја соба од куќата? На овој начин ќе се завршат многу работи, а дополнително физичката активност ќе донесе и здравствени придобивки.

ДОНИ ДАРК, НОВА РОМАНТИЧНА КОМЕДИЈА

Ова е театарска претстава, која зборува за процесот на осамостојувањето на млад слеп човек и неговата социјална интеграција во општеството

Почитувана аеродромска публико, соработката меѓу Општина Аеродром и Театар Комедија продолжува. Театар Комедија есенската сезона ја отвори со романтичната комедија „Дони Дарк", работена според драматуршката предлошка на Леонард Герш.

Заради својата тематика, која ги опфаќа правата и социјализацијата на луѓето со посебни потреби, но и заради сите други квалитети што ги има како театарска пиеса, е актуелен и денес. Претставата е магистерски труд по режија на Роберт Ристов, дипломиран драмски актер, вработен во Театар Комедија со богат актерски опус на театарски улоги. Ова е театарска претстава, чија содржина го опфаќа процесот на осамостојувањето на млад слеп човек и неговата социјална интеграција во општеството, при тоа прикажувајќи ги различните емотивни фази и состојби низ кои минуваат овие лица и нивните семејства. Дејството е сетилно, поддржано со многу интензивни емоции и се движи некаде меѓу болката и радоста, љубовта и омразата, моќта и немоќта, горкото и слаткото...

За овој театарски проект Театар Комедија на влезот во театарот во оваа наша најмлада национална установа направи и приспособување на влезот за непречен пристап на лицата со хендикеп и со пристапната рампа се вброи меѓу театарските куќи, кои ги отвораат портите за сите категории граѓани. Во оваа романтична комедија добро ќе ве насмеат Даријан Петров, Мирјана Поповска Ристов, Магдалена Ризова Черних и Сашо Ристовски. Костимите се дело на Елена Лука, сценографијата ја потпиша Инес Петрова Бошкоска, музиката е дело на Гаро Тавитјан, а во претставата учествува и челистот Дејан Цветковски.

ВИЦ НА МЕСЕЦОТ

КУЧЕ

Во ресторан, семејство со две мали дечиња.

Мајката: Келнер, може ова што остана да ни го спакуваш за кучето?

Келнерот: Може

Децата: Јеееее, мама ќе ни купи куче

Единствената вистинска мудрост е во тоа да знаеш дека ништо не знаеш.

Сократ

Што е тоа пријател? Една душа во две тела.

Аристотел

Мудрите луѓе зборуваат, бидејќи имаат што да кажат, а глупавите бидејќи мораат да кажат нешто.

Платон

Тоа што ќе остане зад тебе не се мермерните споменици, туку тоа што си успеал да го вткаеш во животите на другите.

Перикле

ПЕТ НЕБИТНИ АМА ЗАБАВНИ ФАКТИ

... НАЈДОЛГА ВРЕМЕНСКА РАЗЛИКА МЕЃУ РАЃАЊЕ БЛИЗНАЦИ Е 87 ДЕНОВИ.

... СИТЕ ИМААТ ЕДИНСТВЕН ОТПЕЧАТОК НА ЈАЗИКОТ, ИСТО КАКО И ОТПЕЧАТОК НА ПРСТИТЕ.

... ГЛУШЕЦОТ МОЖЕ ДА ИЗДРЖИ БЕЗ ВОДА ПОДОЛГО ОД КАМИЛА.

... ГРОМОТ ГИ УДИРА МАЖИТЕ 7 ПАТИ ПОЧЕСТО ОД ЖЕНИТЕ.

... ОКОЛУ 50% ОД ЛУЃЕТО НА СВЕТОТ НИКОГАШ НЕ НАПРАВИЛЕ ТЕЛЕФОНСКИ РАЗГОВОР.

SИД НА КРЕАТИВНИ ФОТОГРАФИИ

Есенска убавина - Сања Јонческа

Есен - Ведран Т.

Есенски колорит во Аеродром - Ксенија Тодорова


Кулите во Аеродром - Викторија Ѓеоргиевска

Драги читатели, Општина Аеродром од поодамна Ви нуди можност на овие страници од весникот да го покажете својот креативен дух претворен во Ваши фотографии. Токму овој простор од весникот е посветен на сите тие што сакаат и умеат да фотографираат или, пак, поседуваат прекрасни фотографии. Прифатливи се фотографиите со кои ќе ја претставите Општина Аеродром, природа, пејзажи, фотографии од Вас сликани во неа, од Вашите најслатки, најоткачени и најсреќни деца, миленичиња, оние кои Ви ја смеат душата, едноставно, сè што мислите дека е интересно и заслужува место во овој весник.

Старите фотографии од Општина Аеродром ќе бидат објавени со посебно задоволство! Фотографиите можете да ги испраќате на електронската адреса на весникот:

vesnik@aerodrom.gov.mk

Есен во најава - Томи А.

Листопад во Аеродром - Лилјана Цокревска


Крстот ноќе - Владо Куфалов

ЗАДОЛЖИТЕЛНО!

ПОКРАЈ ФОТОГРАФИЈАТА, ТРЕБА ДА СЕ НАВЕДЕ НАСЛОВОТ, ЛОКАЦИЈАТА И ИМЕТО НА АВТОРОТ.

ОДЛУКИ ЗА НЕПРАВИЛНОСТИТЕ ДОНЕСУВА МНОЗИНСТВОТО СОПСТВЕНИЦИ ВО ЗГРАДАТА

Почитувани,

живеам на булеварот „Трета македонска бригада“ број 43, каде подолго време има проблем со вентилацијата која е оштетна и предизвикува неподнослива бучава и вибрации, од кои се тресат лустерите и се оштетува плафонот. Фирмата која е задолжена за куќен совет во зградата не реагира подолго време, а од Регулаторна комисија за домување ме известија дека за овој проблем прво треба да ја известам општината. Барам помош како и каде да се обратам.

Д.Р.

Почитувани,

согласно Законот за домување, за сите неправилности во зградата треба да се обратите до Вашиот претседател на Заедницата на сопственици, односно управителот на зграда. Одлуките, сепак, ги донесува мнозинството сопственици во зградата.

Со почит,
Општина Аеродром

КОМУНАЛИИТЕ ЗА ГОРНО ЛИСИЧЕ СЕ ОД 100 ДО 110 ЕВРА

Почитувани,

ме интересира која е цената за комуналии за Горно Лисиче, поточно за улицата „Тодор Чангов“ во првиот ред куќи до најновите згради кај бензинската на „Макпетрол“.

Благодарам
И.В.

Почитувани,

цената изнесува од 100 до 110 евра за квадратен метар. Пресметката ја прави Град Скопје.

Со почит,
Општина Аеродром

ДИВАТА ДЕПОНИЈА ПОКРАЈ БУЛЕВАРОТ „СРБИЈА“ ЌЕ БИДЕ ИСЧИСТЕНА

Здраво,

Ве молам за интервенција на локација од ОУ „Александар Македонски“ кон булеварот „Србија“, за расчистување на неколкуте диви депонии и исфрленото огромно количество шут и ѓубре. Локацијата е веднаш до училиштето каде гравитираат голем број деца и претставува опасност по нивното здравје и безбедност.

Поздрав,
В.О.

Почитувани,

во една од наредните големи акции што Општина Аеродром ги организира во соработка со ЈП „Комунална хигиена“ Вашето барање ќе биде земено предвид.

Со почит,
Општина Аеродром

„СИМЕОН КАВРАКИРОВ“ - ЕДНОНАСОЧНА УЛИЦА?

Почитувани,

честитки за новиот градоначалник, но веднаш да си ги кажеме потребите на жителите од мојата улица, конкретно „Симеон Кавракиров“ и зградите кај ресторанот „ Рулет“. Ако може улицата да се направи еднонасочна, затоа што 3 пати колата ми ја удираат од коли што се во движење. Се надевам на брз одговор.

Со среќа и успех во работата. Поздрав,
И.П.

Почитувани,

Доколку сакате „Симеон Кавракиров“ да стане еднонасочна улица, ќе треба да соберете потписи од повеќе граѓани, кои се заинтересирани за решавање на овој проблем и да поднесете барање до архивата на Општина Аеродром за да можат нашите надлежни служби од Комуналното одделение да поднесат барање до Град Скопје за да се смени сообраќајниот режим.

Со почит,
Општина Аеродром

СЕРВИСНИ ТЕЛЕФОНИ

Итна медицинска помош 194
Пожар и елементарни непогоди 193
Центар за известување и тревожење 195

Градинки

Срничка 2455 512
Буба Мара 2434 530

Основни училишта

Блаже Конески 2469 746
Браќа Миладиновци 2460 479
Ѓорѓија Пулевски 2455 510
Љубен Лапе 2450 220
Лазо Ангеловски 2430 324
Димитар Македонски 2440 011
Гоце Делчев 2438 288
Александар Македонски 6152 513

Средни училишта

Владо Тасевски 2464 123
Димитар Влахов 2464 590
Марија Кири Склодовски 2452 189

Библиотеки

Јане Сандански 2466 474
Кирил Пејчиновиќ 2450 449
Рајко Жинзифов 2443 450

Цркви

Света Троица 2763 337
Свети Петар и Павле 2439 722
Свети Пророк Илија 2460 825

Полиција 192

ПС Аеродром 2432 362, 3142 408
ПС Драчево 2763 330, 2794 111
ПС Кисела Вода 3223 410, 3142 403

Амбуланти

Јане Сандански 2463 277
Лисиче 2440 810
Пелагонија 2460 478

ПРИЈАВА НА КОРУПЦИЈА:
080052222

ОПШТИНА АЕРОДРОМ

Централа 2400 970
Пријавница 2401 511
Контакт со граѓани 2401 555
Локален економски развој 2401 542
Правна служба 2401 556
Човечки ресурси 2401 538
Урбанистички планови 2401 529
Осветлување 2401 533
Комунална инспекција 2401 521
Градежна инспекција 2401 521
Инспекција за домување 2401 521
Инспекција за животна средина 2401 521
Финансии 2401 513
Буџет 2401 536
Сметководство 2401 535
Даноци, такси и други приходи 2401 537
Данок на имот 2401 553
Јавни набавки 2401 548
Образование и култура 2401 517
ИТ 2401 530
Социјална заштита 2401 518
Архива урбанизам 2401 525
Совет на Општина Аеродром 2401 512
Инспекција 2401 522
Животна средина 2401 552
Урбанизам 2401 528
2401 529
2401 545
Комунално одделение 2401 532
2401 534
2401 540

Јавно осветлување

ЕВН 3205 000
Елтра 2763 838

Јавни претпријатија

ЈП „Водовод и канализација“ 3073 010
ЈП „Паркови и зеленило“..... 2464 272
ЈП „Комунална хигиена“ 3216 644

Оџачарски услуги 2440 293
Кабаст отпад 0800 222 33